АРХ

Република Северна Македонија
Државен Инспекторат за
животна средина

Republika e Maqedonisë së Veriut
Inspektorati Shtetëror i
Mjedisit Jetësor

ИП1 15-263
Дата:29.08.2023, Скопје

Државниот инспекторат за животна средина преку Хусни Тачи, со службена легитимација број 06-0020, изврши Вонреден инспекциски надзор во правниот субјект ДУОЕЕО ЕКОН ЕЛЕКТРОН ДОО Скопје со адреса на ул. Јустиниан Први бр.41, Драчево, Кисела Вода, застапувано од Панчо Анѓелов - управител, на ДУОЕЕО ЕКОН ЕЛЕКТРОН ДОО Скопје и со Записник бр ИП1 15-263 од 24.08.2023 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 52 став (1) и (2) од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (Службен весник на Република Северна Македонија 215/2021), и член 83 од Законот за инспекциски надзор( Сл весник на РСМ бр 50/11...102/2019)донесе:


Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**

ул. Бихаќка бр.2,
Пети спрат,
Палата Емануел Чучков
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Тел
Е-пошта: s.stojkovski@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

**Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor**

Rr. Bihaqka, nr.2
Kati i pestë
Palati Emanuel Çuçkov
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Tel.
Posta–E s.stojkovski@ sei.gov.mk
Web. www.sei.gov.mk


## РЕШЕНИЕ

**СЕ Задолжува** правниот субјект ДУОЕЕО ЕКОН ЕЛЕКТРОН ДОО Скопје со адреса на ул. Јустиниан Први бр.41, Драчево , Кисела Вода, застапувано од Панчо Анѓелов - управител, веднаш по приемот на ова решение да ги отстрани недостатоците утврдени со записникот бр. ИП1 15-263 од 24.08.2023 година и тоа:

1. Најмалку 65% да ги потроши за инвестирање во инфраструктура, како и за собирање, транспорт, преработка, рециклирање и отстранување на отпадни производи и/или посебен тек на отпад со кој управува согласно член 39 став (7);
   Рок:45 (четириесет и пет)дена од денот на приемот на решението).

2. Најмногу 10% од вкупно остварениот приход од претходната година да потроши на активности за информирање на јавноста и подигање на јавната свеста за да го поттикне интересот за управување со отпад, одделното собирање и рециклирање на посебните текови на отпад со цел да се постигнат повисоки стапки на исполнување на националните цели согласно член 40 став(1).
   Рок:45 (четириесет и пет)дена од денот на приемот на решението).

3. Субјектот на инспекцискиот надзор од точката 1 и 2 на оваа решение ,е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциска мерка ,а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

4. Жалбата против ова решение не го одлага неговото извршување

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина на ден 24.08.2023 година изврши Вонреден инспекциски надзор во во правниот субјект ДУОЕЕО ЕКОН ЕЛЕКТРОН ДОО Скопје со адреса на ул. Јустиниан Први бр.41, Драчево , Кисела Вода, застапувано од Панчо Анѓелов - управител, при што се изготви Записник за констатација со бр ИП1 15-263. Правното лице на увид приложи Решение за издавање на дозвола за управување со отпад од електрична и електронска опрема за колективен постапувач со арх. бр. УП-11/2-1996/2021 од 31.03.2022 година. Колективниот постапувач го доставил Годишниот извештај за својата работа за 2022 година до МЖСПП на 31.03.2023 година. Колективниот постапувач не е носител на друга дозвола што произлегува од прописите за управување со отпад.

Колективниот постапувач немаат потрошено најмалку 65% на инвестирање во инфраструктура, како и за собирање, транспорт, преработка, рециклирање и отстранување на отпадни производи и/или посебен тек на отпад. Колективниот постапувач не ги спроведува обврските за подигнување на јавната свест согласно со членот 41 став 1 од овој закон односно колективниот постапувач со цел информирање на јавноста и подигање на јавната свест за управување со посебните текови на отпад најмногу 10% од вкупно остварениот приход од претходната година не ги потрошил на активности за информирање на јавноста и подигање на јавната свеста за да го поттикне интересот за управување со отпад, од вкупно остварениот приход од претходната година.

Согласно овластувањата што произлегуваат од членот 52 став (1) и (2) од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (Службен весник на Република Северна Македонија 215/2021) донесе Решение како во диспозитивот.

Доколку во определениот рок правниот субјект не постапи по оваа решение, и не ги отстранат причините за настанатата состојба утврдени со решението, инспекторот за животна средина ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред Комисијата за одлучување по прекршоци во областа на животната средина при Министерството за животна средина и просторно планирање, односно надлежниот суд согласно .член 53 став (3) од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (Службен весник на Република Северна Македонија 215/2021)

Жалбата против ова решение не го одлага извршувањето на решението согласно .член 52 став (5) од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (Службен весник на Република Северна Македонија 215/2021)

Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**

ул. Бихаќка бр.2,
Пети спрат,
Палата Емануел Чучков
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Тел
Е-пошта: s.stojkovski@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

**Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor**

Rr. Bihaqka, nr.2
Kati i pestë
Palati Emanuel Çuçkov
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Tel.
Posta-E s.stojkovski@ sei.gov.mk
Web. www.sei.gov.mk

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова решение согласно член 106 став (1) од Законот за општа управна постапка (Службен весник на Република Македонија бр. 124/15) може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка во рок од 15 дена од приемот на решението.
Жалбата се таксира со 250,00(двестаипедесет)денари административни таксени марки.
Решено во Државен инспекторат за животна средина -канцеларија во Скопје под бр ИП1 15-263 на ден 29.08.2023.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Хусни Тачи, Главен инспектор

Доставено до:
-Архива,
- ДУОЕЕО ЕКОН ЕЛЕКТРОН ДОО Скопје

Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**

ул. Бихаќка бр.2,
Пети спрат,
Палата Емануел Чучков
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Тел
Е-пошта: s.stojkovski@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

**Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor**

Rr. Bihaqka, nr.2
Kati i pestë
Palati Emanuel Çuçkov
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Tel.
Posta-E s.stojkovski@ sei.gov.mk
Web. www.sei.gov.mk